# ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ
**(Неофицијален консолидиран текст)**

*Објавени во Сл. весник на Република Македонија бр.39/ 06, бр.86/08 , бр.47/11 и бр.136/11*

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за пуштање на градежни производи на пазар, постапките за атестирање на сообразноста со техничките спецификации, спроведувањето на посебни постапки за признавање на сообразноста и други прашања од значење за градежните производи.

### Член 1-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

**( член 1 од Закон за дополнување на Законот за градежните производи, објавен во Сл. Весник на Република Македонија бр.47/11 год.)**

### Член 2

Одредбите од овој закон се применуваат за градежните производи за кои има технички спецификации согласно одредбите од овој закон.

### Член 3

Производите може да се пласираат на пазарот само ако се соодветни снивната употребна намена, што подразбира, објектите во кои производите ќе бидат вградени (под услов објектите да се проектирани и изградени според прописите за градење на објекти), да ги исполнуваат суштинските барања утврдени со овој закон.

## ДЕФИНИЦИИ

### Член 4

Изразите употребени во овој закон, го имаат следното значење:

1.**”градежен производ”** е секој производ, кој е изработен за трајно вградување во градежните објекти;

2.**”градежени објекти”** се згради и градежни инженериски објекти;

3.**”пуштање на пазар”** значи, за прв пат да се даде платено или бесплатно на располагање, односно во употреба, градежен производ во Република Македонија;

4.**”испорачател”** е производителот, неговиот застапник со седиште во Европската унија или во Република Македонија, увозникот односно друго физичко или правно лице, кое го пуштило производот на пазар;

5.**“технички спецификации”** се хармонизирани стандарди, европска техничка согласност или признати национални технички спецификации;

6. **“признати национални технички спецификации”** се оние национални технички спецификации, за кои Комисијата на Европската унија(во понатамошниот текст: Комисија) смета, дека производите, кои се изработени во согласност со нив, овозможуваат исполнување на битните барања за градежни објекти и чии референтни ознаки ги објавува во “Службен весник на Европската унија”;

7. **“македонски национален стандард”** е стандард, кој го донел Македонскиот институт за стандардизација, во согласност со Законот за стандардизација;

8.**”хармонизиран стандард”** е стандард, кој го изработила надлежната европска организација за стандардизација врз основа на барањата на Комисијата и чии што референтни ознаки биле објавени во “Службен весник на Европската унија” ;

9.**”европска техничка согласност”** (ЕТА) е позитивна техничка оценка за сообразност на градежниот производ за предвидената употреба, која се темели на исполнување на суштинските барања за градежни објекти, за кои градежниот производ се употребува;

10.**”тело за техничка согласност”** е правно или физичко лице, кое доделува европска техничка согласност;

11.**”помалку значаен градежен производ”** е градежен производ, кој е помалку значаен за безбедноста на здравјето и заштитата на животната средина;

12.**”признато техничко правило”** е техничка одредба за која поголем број компетентни стручњаци потврдуваат дека ја претставува техничката состојба;

13. **“тело за сертификација”** е независно тело, кое ја врши постапката на сертификација на сообразност на градежните производи, односно постапката на сертификација на сообразност на системот на контрола на производството и надзорот на истото;

14.**”тело за контрола”** е независно тело, кое оценува, препорачува преземање и врши дополнително оценување на постапките на производителот за контрола на квалитетот и ги избира и вреднува градежните производи во производните погони и на градилиштата или на други места , каде се наоѓаат;

15.**”лабораторија за тестирање”** е лабораторија, која мери, испитува, врши проби, баждари или на друг начин ги одредува особините, односно однесувањето на материјалите или градежните производи;

16.**”ETAG - насоки за европска техничка согласност”** се документи, што се однесуваат на градежни производ или на група градежни производи кои ги има подготвено Европската организација за техничка согласност;

17.**”EOTA - Европска организација за технички согласности”**“е организација, која ги здружува националните тела за издавање на технички согласности и ги координира специфичните прашања во однос на техничките согласности;

18.**”документи за толкување”** се документи, кои точно ги даваат суштинските барања и видовите или степените на секое барање поединечно, што се потребни и се основа за подготовка на хармонизираните стандарди и насоки за европските технички согласности.

**19. “технички пропис”** е документ, со кои се зацртуваат карактеристиките на производот или процесите и прозводните методи поврзани со нив, вклучувајки ги важечките административни одредби со кои сообразноста е задолжителна.

## II. СУШТИНСКИ БАРАЊА

### Член 5

(1) Суштински барања за градежните објекти, кои мора да бидат исполнети, ако се пропишани со прописи за градење на градежни објекти, кои треба да се почитуваат при утврдување на бараните особини на градежните производи за време на нивниот економски прифатлив работен век, се:

- механичка отпорнист и стабилност,
- заштита од пожар,
- хигиенска и здравствена заштита и заштита на животната средина,
- безбедност при употреба,
- заштита од бучава и
- штедење енергија и задржување на топлината.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министер), ги пропишува суштинските барања за градежните објекти од став (1) од овој член.

## III. ПУШТАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ НА ПАЗАРОТ

### Член 6

(1) Производите може да одговараат на својата предвидена намена, под услов објектите да се правилно проектирани и изградени, и овозможуваат на објектите во кои се користат да ги задоволат суштинските барања од член 5 од овој закон, ако се сообразни со:

- соодветните македонски национални стандарди, кои се прифатени,, хармонизирани стандарди,
- европската техничка согласност или
- признатите национални технички спецификации, во случај ако нема технички спецификации од алинеја 1 и 2 на овој став

(2) Министерот ги доставува до Европската Комисијата (во натамошниот текст - Комисија) текстот на македонските национални стандарди или македонски тахнички прописи за кои тие сметаат дека ги задоволуваат суштинските барања од член 5 од овој закон.
(3) Во случај кога хармонизираните стандарди или европските технички согласности од став (1) од овој член не ги задоволуваат барањата од член 3 и 5 од овој закон, за истото министерот го известува Комитетот за градежништво од член 30 од овој закон, образложувајќи ги причините.
(4) Производите од став (1) од овој член се означени со CE ознака. CE ознаката означува дека производот ги задоволува барањата од овој закон, вклучувајќи ги постапките за атестирање на сообразноста од глава IV и постапките од глава V.

### Член 7

(1) Ако не постојат технички спецификации, кои се наведени во член 6 став (1) алинеја 1 и 2 од овој закон, градежниот производ може да биде пуштен на пазарот, ако е во согласност со:

- соодветните македонски национални стандарди или
- македонските технички прописи.

(2) Градежниот производ, кој е во согласност со барањата од став (1) од овој член, може да биде пуштен на пазар и по донесување на хармонизираните стандарди, и по доделување на техничката согласност од член 6 од овој закон, но само во преодниот период, кој е дефиниран со објавата во техничките спецификации од член 6 од овој закон.
(3) Техничкиот пропис од став (1) алинеја 2 од овој член го донесува министерот. Со техничкиот пропис, министерот ги утврдува бараните особини на градежниот производ и постапката за оценка и атестирање на сообразноста со пропишаните барања.

### Член 8

Со донесување на техничките спецификации од член 6 и 7 од овој закон, за пуштање на пазар на градежни производи, кои се предмет на овие технички спецификации, важат исклучително барањата од овој закон.

**Член 9**

Министерот, во “Службен весник на Република Македонија” објавува:

- список на стандарди од член 6 и 7 од овој закон,
- список на упатства за европски технички согласности и список на тела кои доделуваат технички согласности, согласно член 4 точка 9 и 10 и член 15 од овој закон и
- список на помалку значајни градежни производи опфатени во член 4 точка 11 и во член 11 од овој закон.

**Член 10**

(1) Производителот може да го пушти на пазар градежниот производ и да издаде изјава за сообразност, кај кој не се или само делумно се исполнети барањата од техничките спецификации од член 6 и 7 од овој закон, и кога тие го одредуваат начинот за оценка на сообразноста, согласно член 18 став (2) алинеја 1 од овој закон. Во тој случај изјавата за сообразност мора, без оглед на бараните технички спецификации за постапката на оценка на сообразноста, да се заснова на почетно типско испитување на градежниот производ, кое го врши лабораторија за тестирање како тело вклучено во постапката за атестирање на сообразноста.

(2) Производите од став (1) од овој член се означени со CE ознака.

**Член 11**

(1) Помалку значаен градежен производ смее да се пушти на пазар, врз основа на изјава од производителот за сообразност со признато техничко правило.

(2) Производите од став (1) од овој член не смеат да бидат означени со CE ознака.

**Член 12**

(1) Не смее да се исклучи употребата на градежните производи, кои биле пуштени на пазар во согласност со одредбите на овој закон, за намената за која биле предвидени.

(2) Употребата на производите од став (1) од овој член, за целите за кои се наменети, не смее да се попречува поради правила или услови наметнати од јавни правни тела или од правни лица кои дејствуваат како јавни организации или јавни правни тела врз основа на монополска позиција.

(3) Ако техничките спецификации утврдени со овој закон прават разлики помеѓу различни регулирани класи кои одговараат на различно ниво на исполнетост на барањата, технички прописи за градење на објекти ги даваат нивоата на исполнетост на барањата на тој начин што во истите се употребуваат сите класи, некои од нив или само една кои се прифатени на ниво на Европската унија.

## IV. ЕВРОПСКА ТЕХНИЧКА СОГЛАСНОСТ

**Член 13**

(1) Европска техничка согласност може да се додели само на градежен производ:

- за кој нема хармонизирани стандарди, ниту овластување за нивна изработка и за кој Комисијата смета дека хармонизиран стандард не може или сеуште не може да се изработи или
- кој значително отстапува од хармонизираните стандарди.

(2) Одредбата од став (1) алинеја 1 од овој член не исклучува издавање на европска техничка согласност за производот, за кој е дадено овластување за изработка на хармонизиран стандард, се до неговото донесување.

(3) По исклучок, од став (1) алинеја 1 на овој член, Комисијата може да одобри издавање на европска техничка согласност, по консултација со Комитетот од член 30 од овој закон, за

производи за кои постои овластување за издавање на хармонизиран стандард, или за кои Комисијата утврдила дека може да се изготви хармонизиран стандард. Со одобрението е определено времетраење на неговата важност. (4) Европската техничка согласност по правило се доделува за период од пет години. Нејзината важност може да се продолжува.

**Член 14**

(1) Европската техничка согласност за градежниот производ мора да се заснова на испитувања, тестирања, проценки врз основа на документите за толкување и соодветната насока за европска техничка согласност.
(2) Ако насоките од став (1) на овој член не постојат, европска техничка согласност може да се додели со повикување на соодветните суштински барања за градежни објекти и документите за толкување, ако оценката на градежниот производ ја прифатат телата за техничка согласност, кои заедно работат во Европската организација за техничка согласност.
(3)Европска техничка согласност за производ се издава во согласност со постапката утврдена во член 16 од овој закон, по барање на производителот или неговиот застапник основан во Европската унијата.
(4)Насоката за европска техничка согласност, која се однесува на производ или на група на производи и која ја изработува Европската организација за техничка согласност на мандат од Комисијата, се издава како посебна публикација и се обезбедува нејзина достапност до јавноста.

**Член 15**

(1) Европска техничка согласност за градежни производи може да издаде овластено тело за техничка согласност со седиште во Република Македонија или во други земји членки на Европската унија.
(2) Овластено тело за доделување на техничка согласност може да биде правно или физичко лице со решение од министерот, ако :

- ја оценува соодветноста на новите градежни производи за употреба врз основа на научни и практични знаења,
- донесува решенија, кои се непристрасни во поглед на интересите на одделни производители или нивните застапници и
- ги зема предвид интересите на сите заинтересирани страни и истите ги избалансира.

(3) Министерот, врз основа на издаденото решение од став (2) од овој член го нотифицира телото кое го овластил до Европската Комисија и до земјите членки на Европската унија.
(4) Списокот на телата кои доделуваат согласности, како и какви било дополнувања на списокот, се објавуваат во серијата "C" на Службениот весник на Европската унија.
(5) Овластувањето за издавање на Европска техничка согласност може да биде временски ограничено, или да важи до повлекување. Телото за техничка согласност мора трајно да ги исполнува условите за добивање овластување. Ако за време на важењето на овластувањето, телото престане да ги исполнува условите, овластувањето се одзема со решение.
(6) Против решението од став (5) на овој член може да се изјави жалба до Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата и финансиите.
(7) Жалбата против решението од став (6) на овој член не го одлага извршувањето на решението.
(8) Министерот го објавува во "Службен весник на Република Македонија" решението за овластување на телото за техничка согласност, односно решението со кое се одзема овластувањето.

**Член 16**

(1) Барањето за доделување на европска техничка согласност за градежен производ го поднесува неговиот производител, односно застапникот на производителот. При поднесување на барањето, подносителот мора да поднесе изјава дека нема поднесено исто барање кај друго тело за техничка согласност и дека ќе ги намири сите трошоци за постапката.
(2) Ако право за доделување согласно став (1) од овој член добијат две или повеќе тела за издавање техничка согласност, министерот одредува едно од нив за претставник во Европската организација за техничка согласност.
(3) Во рамките на организацијата од став (2) на овој член, телото кое издава согласност, соработува со телата - членки на Европската организација за техничка согласност и тие меѓусебно си ја даваат сета потребна поддршка.
(4) Телото за издавање техничка согласност, за доделената согласност ги известува останатите тела кои издаваат техничка согласност. На барање на другите овластени тела, заради нивно информирање се доставува комплет од сите придружни документи за согласноста која е доделена.
(5) Министерот подетално ја пропишува постапката за доделување, продолжување, измена и поништување на европска техничка соогласност во согласност со генералните правила усвоени од Комисијата.

## V. ОЦЕНА И АТЕСТИРАЊЕ НА СООБРАЗНОСТА СО БАРАЊАТА НА ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Член 17**

Производителот или неговиот овластен преставник во Европската унијата е одговорен за атестирање на сообразноста на градежниот производ согласно барањата на техничките спецификации од член 6 и 7 од овој закон.

**Член 18**

(1) Производите за кои се смета дека се во сообразност со техничките спецификации согласно член 6 и 7 од овој закон, се предмет на атестирање на сообразноста.
(2) Системите за атестирање на сообразноста на градежниот производ се заснова на:

- воведен систем на контрола на производството од страна на производителот на градежниот производ, со кој се обезбедува истиот да е усогласено со соодветните технички спецификации или
- за одделен градежен производ, освен воведениот систем на контрола на производството, во оценувањето и надзорот на контролата на производството или производот, е вклучено и телото за сертификација наведено во соодветните технички спецификации.

(3) Системот на атестирање од став (2) на овој член зависи од:

- видот на градежниот производ,
- значењето на градежниот производ во поглед на суштинските барања за градежни објекти, освен оние, кои се однесуваат на здравјето и безбедноста,
- последиците на промената во особините на градежниот производ врз неговата употребливост и
- степен на дозволени грешки во производството.

(4) При почитување на барањата за безбедност, за производителот треба да се одреди постапка која најмалку го оптоварува.

(5) При поединечно (не сериско) производство, ако техничките спецификации за градежни производи, кои суштински влијаат на здравјето и безбедноста, не бараат поинаку, доволна е изјава за сообразност, поднесена врз основа на почетното типско испитување на градежниот производ и контрола на производството.

**Член 19**

(1) Спроведените постапки за атестирање на сообразноста се основа за:

- изјава за сообразност, која ја поднесува производителот или негов застапник, доколку е утврден начинот од член 18 став (2) алинеја 1 од овој закон, односно
- сертификат за сообразност за системот на контрола на производството и надзорот над него или за самиот градежен производ, издаден од телото за сертификација, согласно член 18 став (2) алинеја 2 од овој закон.

(2) Изјавата за сообразност на производот или сертификатот за сообразност го овластуваат производителот или неговиот застапник регистриран во Унијата, да ја стават соодветната CE ознака на самиот производ, на етикетата ставена на него, на неговото пакување или на придружните комерцијални документи.
(3) Сертификатот и изјавата за сообразност се издаваат на македонски јазик.
(4) Министерот ја пропишува содржината на документите за сообразност од став (1) од овој член и постапките за атестирање за сообразност од член 18 од овој закон.

**Член 20**

(1) За оценка на сообразноста на градежните производи во техничките спецификации, мора да бидат применети следните постапки:

- почетно типско испитување на градежниот производ, кое го врши производителот или органот вклучен во атестирање на сообразноста,
- испитување на примероци, кои во производниот погон во согласност со пропишаниот план за испитување ги зема производителот или телото вклучено во атестериње на сообразноста,
- контролно испитување на примероци, земени во производниот погон, на пазар или на градилиште, кое го врши производителот или телото вклучено во атестирање на сообразноста,
- испитување на примероци од количина подготвена за испорака или веќе испорачана до корисникот, кое го врши производителот или телото вклучено во атестирање на сообразноста,
- контрола на производството,
- почетна проверка на производниот погон и контрола на производството, која ја врши телото вклучено во атестирање на сообразноста и
- постојан надзор, проценка и оценка на контролата на производството, која ја врши телото вклучено во атестирање на сообразност.

(2) Изборот и комбинацијата на постапки од став (1) од овој член, кои создаваат одреден систем на атестирање на сообразност на градежните производи, зависат од техничките барања за одделен градежен производ или група на градежни производи, во зависност од видот на градежниот производ.
(3) Контрола на фабричкото производство значи постојана внатрешна контрола на производството, која ја врши производителот. Целокупната потребна документација, производителот ја документира на системски начин со дефинирани форма и постапки. Овој систем на документација за контрола на производството гарантира дека се обезбедува квалитетот

и овозможува да се достигнат бараните карактеристики на производот и да се контролира ефикасноста на функционирање на системот за контрола на производството.
(4) Министерот подетално ги пропишува системите за атестирање на сообразност од став (2) од овој член

## VI. CE - ОЗНАЧУВАЊЕ

### Член 21

(1) CE ознака, значи дека производите ги задоволуваат барањата од член 6 и 9 од овој закон. Ставањето CE ознака на самиот производ, на етикетата ставена на него, на пакувањето или на придружните комерцијални документи, е обврска на производителот или на неговиот застапник регистриран во Европската унијата.
(2) Означувањето на производите или нивните пакувања со ознаки кои би можеле да доведат до забуна за значењето и формата на CE ознаката, не е дозволено. Кое било друго означување може да биде ставено на градежниот производ, на етикетата на пакувањето на градежниот производ или на придружните комерцијални документи, на таков начин да видливоста и читливоста не биде намалена.
(3) Кога за производите постојат и други прописи кои ги транспонираат Европските директиви во македонското законодавство во однос на други аспекти, CE ознаката за сообразност ( во натамошниот текст CE ознака), наведена во член 6 став (1) од овој закон, покажува дека во овие случаи се задоволени и барањата од овие прописи.
(4) Кога одделни прописи дозволуваат производителот, за време на преодниот период, да избере кои барања ќе ги примени со CE ознака, тоа значи усогласеност со прописите кои производителот ќе ги применува. Во тој случај во документите кои го пратат производот мораат да бидат наведени сите податоци кои ги бараат прифатените прописи.
(5) Министерот ги пропишува начинот на CE означувањето на градежни производи, изгледот и формата како и условите за користење на истата

## VII. ТЕЛА

### Член 22

(1) Телото вклучено во атестирање на сообразноста има статус на сертификационо тело, тело за контрола или лабораторија за тестирање, кое може да биде правно лице или физичко лице како и јавно правно тело.
(2) Производителот на градежниот производ може во постапка за атестирање на сообразноста, во согласност со член 18 став (2) алинеја 2 од овој закон, да го вклучи телото за атестирање на сообразноста, кое нема седиште во Република Македонија, а кое е пријавено кај Комисијата.
(3) Доколку телото за атестирање на сообразноста има седиште во Република Македонија, производителот на градежен производ може да го вклучи во атестирање на сообразноста во согласност со член 18 став (2) алинеја 2 од овој закон, само ако телото за атестирање на сообразноста добило овластување од министерот, за изршување на одредени задачи во оваа постапка, во согласност со член 23 од овој закон. Во решението за овластување треба да се наведат градежните производи кои се во надлежност на телото за сертификација и природата на задачите кои му се доверени.

### Член 23

(1) Министерот по поднесено барање издава решение за именување на телата за атестирање на сообразноста вклучени во постапката на атестирање на сообразност согласно член 22 став (1) со седиште во Република Македонија, доколку ги исполнуваат следните барања:

- да располагаат со потребни средства и опрема,
- да располагаат со персонал, кој е стручно оспособен,
- да обезбедат независност и непристрасност на персоналот и стручните соработници, во односите со правни или физички лица, кои непосредно или посредно се поврзани со градежниот производ, чија сообразност се потврдува преку вршење на проби, изработка на извештаи, издавање на сертификати за сообразност и вршење надзор,
- да гарантираат деловна тајност и
- да имаат осигурана одговорност за извршената работа, освен во случај одговорноста да е осигурана од страна на државата врз основа на закон.

(2)Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот

**( член 1 од Закон за дополнување на Законот за градежните производи, објавен во Сл. Весник на Република Македонија бр.136/11 год.)**

(3) Овластените тела во подрачјето на техничките спецификации од член 6 од овој закон, министерот ги нотифицира во Европската Комисија. Во нотификацијата ги наведува производите и задачите за кои се овластени телата.

**Член 23- а**

***(член 2 од Закон за изменување на Законот за градежните производи, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр.136/11 год)***

(1) Согласноста од член 23 став (1) на овој закон министерот ја издава, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за издавање на решение за именување на тела за атестирање на сообразност со потребната документација.
(2) Доколку министерстерот не ја издаде согласноста од член 23 став (1) од овој закон, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во став (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот заради донесување на решение од страна на министерот.
(3)Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член го пропишува министерот.
(4) Министерот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член до писарницата на министерот да донесе решение со кое барањето за издавање на согласност е уважено или одбиено. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на министертвото надлежно за работите од областа на економијата (во натамошниот текст:министерството) .
(5) Кон барањето за остварување на правото од став (2) на овој член подносителот на барањето поднесува копие од барањето од член 23 став (1) на овој член.
(6) Доколку министерот не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на прием на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши инспекциски надзор во министерството и да

утврди дали е спроведена постапката согласно овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за привремените мерки.
(8)Инспекторот од државен управен инспекторат, извршениот надзор согласно закон донесува решение со кое го задолжува министерот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки да го извести инспекторот. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.
(9)Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управаната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки
(10) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 6 на овој член или не поднел пријава согласно ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во министерството дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од став (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот, и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(14)Во случај на став (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(15) Во случај од став (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(16)Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно став (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(17)Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
(18)Постапката пред Управниот суд е итна.

**Член 23-б**

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на согласност за именвање на тела за атестирање на сообразност, барателот има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степе

## VIII. НАДЗОР

### Член 24

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите кои произлегуваат од него, врши министерството надлежно за работите од областа на економијата.

### Член 25

(1) Инспекциски надзор над исполнувањето на барањата од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, во врска со градежните производи, кои биле пуштени на пазарот, врши Државниот пазарен инспекторат.

(2) Државните пазарни инспектори, освен овластувања и мерки, кои произлегуваат од одделни прописи и се однесуваат на нивната работа, врз основа на овој закон, ги имаат следните овластувања:

- да ги бараат од испорачателот сите потребни податоци и вршат увид во издадените документи за сообразност, како и во техничката документација на градежните производи,
- да вршат соодветни прегледи и тестирање на градежните производи во поглед на сообразноста со техничките спецификации,
- да земаат примероци од градежни производи и ги предаваат за оценка на сообразноста и
- да одредуваат повлекување на документите за сообразност за несообразните градежни производи.

(3) Доколку државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена повреда на одредбите од овој закон, ќе се донесе решение со кое ќе:

- нареди отстранување на утврдените несообразности и определи рок за отстранување,
- нареди градежните производи да се означат со пропишаните знаци за сообразност, односно нареди отстранување на недозволените знаци за сообразност,
- забрани пуштање на пазарот несообразни градежни производи, го ограничи прометот или нареди повлекување од пазарот и спроведува мерки, кои гарантираат забраната да биде почитувана,
- времено забрани: секакво доставување, понуди за доставување или изложување на градежните производи во период кој е потребен за извршување на разни прегледи и тестови, веднаш штом се појави основано сомнение дека тие градежни производи се несообразни со прописите.

(4) Државниот пазарен инспекторат може извршувањето на потребниот преглед или тестирање, во рамки на инспекцискиот надзор, да го довери на оспособена (акредитирана) институција.

### Член 26

(1) Трошоците за инспекциски надзор, кои се однесуваат на трошоци за анализи, во случај да завршиле негативно за обврзникот, се на товар на обврзникот.

(2) Против решението на државниот пазарен инспектор, издадено за извршување на овластувањата од член 25 на овој закон, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби, формирана согласно Законот за државен пазарен инспекторат. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

***(член 2 од Закон за изменување и доплнување на Законот за градежните производи, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр.47/11 год)***

**Член 27**

Владата на Република Македонија го пропишува начинот на известување на други држави, односно меѓународни субјекти за преземените мерки на државните органи, за ограничувањето на пуштање на градежни производи на пазар, односно за нивното повлекување од пазар поради заштита на јавниот интерес.

## IX. ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ

**Член 28**

(1) Ако за одделен градежен производ не постојат технички спецификации од член 6 од овој закон, а кој се увезува во Република Македонија, на барање на увозникот, градежниот производ се смета дека е сообразен, согласно важечките македонските национални прописи, доколку тој е тестиран и проверен согласно важечките постапки во Република Македонија, или со постапките кои Република Македонија ги признава за еднаквовредни, а се потврдува со тестирања и проверки од тело вклучено во атестирање на сообразноста во државата производител, земјата - членка на Европската унија (во натамошниот текст: држава производител).
(2) За да се утврди дали е обезбедено исто ниво на сообразност на градежниот производ, Република Македонија може да побара дополнителни информации за телото вклучено во атестирање на сообразноста, кое државата производител има намера да го одреди за таа цел. Во случај на сомнение за одредено тело, Република Македонија донесува свое мислење поткрепено со факти и за тоа ја известува Комисијата.
(3) Овластените тела си ја даваат целата неопходна помош едни на други.
(4) Во случај министерот да утврди дека овластеното тело не го спроведува тестирањето и контролата правилно, во согласност со националните одредби, во разумен рок за тоа ја известува земјата - членка во која ова тело е овластено. Земјата - членка го информира министерот кој го дал известувањето, за тоа какво дејство е преземено. Доколку министерот кој го дал известувањето, не го смета преземеното дејство за доволно, може да забрани пласирање на пазарот и користење на соодветниот производ или да го пушти на пазар производот под посебни услови. Министерот ја информира земјата - членка и Комисијата за истото.
(5) Република Македонија ги смета сите извештаи и сертификати за сообразност, издадени во согласност со овој член од овој закон во дражавата производител, за еднаквовредни извештаи и сертификати за сообразност, кои ги издале тела, вклучени во постапката за атестирање на сообразноста со седиште на нејзината територија.

## X. ЗАШТИТНА КЛАУЗУЛА

**Член 29**

(1) Ако се утврди дека производот кој бил деклариран, е во согласност со барањата на овој закон, а не ги задоволува барањата од член 5 и член 6 став (1) од овој закон, се преземаат сите соодветни мерки за повлекување на овој производ од пазарот, за забранување на пласманот на пазарот или ограничување на слободниот проток.
(2) Министерот ја информира Комисијата за одлуката од став (1) од овој член, посочувајќи ги причините за ваквата одлука и причините на кои се должи неусогласеноста:

- несообразност на производот со техничките спецификации,
- неправилна примена на техничките спецификации или

- недостатоци во техничките спецификации.

(3) Министерот во случаите од став (1) од овој член, презема соодветно дејство против оној кој издал изјава за сообразност и ја информира Комисијата и земјите членки на Европската унија за истото.

## XI. ПОСТОЈАН КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО

### Член 30

Министерот именува два постојани члена во Постојаниот комитет за градежништво, кој е основан од страна на Европската Комисија.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на правното лице, ако:

- пушти на пазар градежен производ во спротивност со членовите 6, 7 и 10 од овој закон,
- даде изјава за сообразност на градежниот производ во спротивност со членот 11 од овој закон,
- додели европска техничка согласност во спротивност со членовите 13, 14, 15 и 16 од овој закон,
- не го означи градежниот производ во согласност со член 21 став (1) од овој закон,
- во атестирање на сообразност вклучи тела за сертификација спротивно на членот 22 од овој закон,
- изврши задача на телото вклучено во атестирање на сообразноста, без решение од членот 22 став (1) на овој закон и
- не постапува во согласност со решенијата на пазарниот инспектор од членовите 24 и 25 на овој закон.

(2) За сторен прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана на вршење дејност во траење од една до три години.

(4) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.

**(член 2 од Закон за изменување  на Законот за градежните производи, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр.47/11 год)**

### Член 32

За прекршоците од членот 31 на овој закон, глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече на физичко лице.

**(член 3 од Закон за изменување  на Законот за градежните производи, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр.47/11 год)**

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Министерот ги донесува подзаконските прописи од член 5 став (3), од член 18 став (6), од член 19 став (4) и од член 21 став (5) од овој закон, во рок од шест месеци по влегување во сила на овој закон.

**Член 34**

(1) До донесување на техничките спецификации според одредбите од овој закон, односно до донесување на посебните прописи од член 2 од овој закон, се применуваат технички прописи за градежни производи кои се во сила во Република Македонија.
(2) Барањата на посебните прописи за пуштање на пазар на градежните производи, кои се предмет на нивно уредување, престануваат да се применуваат по истекот на преодниот период, кој се објавува во Службен весник на Р.М.

**Член 35**

Со денот на влегување во сила на овој закон, престануваат да се применуваат овластувањата кои се издадени според наредбите за задолжително атестирање за градежни производи, а кои се во сила во Република Македонија.

**Член 36**

(1) Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија или со потпишување на **PECA ( AKA )** протокол, почнуваат да се применуваат одредбите од член 6 став (2) и ( 3),член 13, член 14, член 15, член 16, член 21, член 23 став (2), член 27, член 28 , член 29 и 30 од овој закон.
(2) До денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија или до потпишување на **PECA( AKA )** протокол, терминот "овластен преставник со седиште во Европската унија" значи "овластен преставник со седиште во Европската унија или Република Македонија".
(3) Обврките на Република Македонија кон Европската Комисија и земјите - членки на Европската унија, кои произлегуваат од овој закон и одредбите во врска со CE означувањето, започнуваат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во ЕУ или потпишување на **PECA ( AKA ) Протокол**. **PECA ( AKA ) Протокол - ( Protokol of the Europe agreement on conformity assesment and acceptance of industrial products)** е протокол за утврдување на сообразност и прифатливост на индустриските производи. Целта на овој протокол е отстранување на техничките бариери во трговијата меѓу државите членки на Европската Унија и државата кандидат.

**Член 37**
**( член 3 од Закон за изменување и доплнување на Законот за градежните производи, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр.47/11 год.)**

Одредбите од членовите 1 - а и 2 ( член 26 став 2 ) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

**Член 37 – а**
**( член 3 од Закон за дополнување на Законот за градежните производи,**

**објавен во Сл. Весник  на Република Македонија бр.139/11 год.)**

(1)Подзаконскиот акт од членот 23-а став (3) на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2)По донесувањето на подзаконскиот акт од член 23-а став (3) на овој закон истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на министерството

**Член 37 - б**
**( член 4 од Закон за дополнување на Законот за градежните производи,**
**објавен во Сл. Весник  на Република Македонија бр.139/11 год.)**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија,  освен одредбата од членот 23-б на овој закон која ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.